Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), член 7 став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ” бр.95/12, бр.163/13, бр.42/14, 44/15 бр.147/15, бр.31/16 и бр.64/18) и член 11 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Конче, Советот на Општина Конче на седницата одржана на 21.12.2020 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# З А Ј А В Н И Р А Б О Т И
## на територијата на општина Конче за 2021 година

**1.Законска рамка на Програмата;**
**2.Развојни приоритети на програмата;**
**3.Цели на Програмата;**
**4.Обем видови и динамика на одржување;**
**5.Организациска поставеност и обврски на учесниците;**
**6.Постапка и критериуми за ангажирање на лица за вршење на јавни работи;**
**7.Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на Програмата**
**8.Извршување на Програмата и Надзор;**
**9.Завршни одредби.**

### 1.Законска рамка на програмата

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес. Основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфратсруктура се уредуваат со Законот за комунални дејности.

Според членот 7 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности:„ Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми. Програмите за вршење на комунални дејности се донесуваат во период од една до три години од страна на Советот на Општината”.

Законот за комунални дејности вклучува одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината и јавните комунални претпријатија основани од Општината , како даватели на комунални услуги. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат.

### 2.Развојни приоритети на програмата

Согласно Законот за локална самоуправа една од клучните надлежности на општините е планирањето на локалниот економски развој, водење на локална економска политика, потоа поддржување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, како и промовирање и воспоставување на партнерства. Во оваа насока, Советот на Општина Конче усвои Социјален План на општина Конче во кој главна стратешка цел е намалување на невработеноста која во Општина Конче изнесува околу 32,3% од вкупното население (или 198 лица) според официјалните податоци од Центарот за вработување.

Во однос на социјалната состојба во општина Конче, доминантни социјални проблеми во општината се сиромаштијата и невработеноста. Една третина од работоспособните жители на општината Конче 32,3% се невработени.
Во однос на можности за вработување во Конче нема развиена индустрија, односно нема капацитет за апсорбирање на работната сила. Во населените места во општината има регистрирано само мали трговски објекти и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко. Најзагрозена група во однос на можностите за вработување се повозрасните неквалификувани лица од општината. Од 2005 година редовно секоја година се ангажираат од 5 до 10 корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи во општината.
Општина Конче досега има спроведено и/или учествувано во реализација на следните слични или сродни проекти:
-2020;Ангажирање на 10 лица за изведување на јавни работи за период од 1 месец.Овој проект е реализран во сораобтка со АВРСМ РЕ Радовиш.
**-**2019; Ангажирање на 5 лица за изведување на јавни работи за период од 1 месеци. Овој проект е реализиран во соработка со АВРМ ПЕ Радовиш.
2018; Ангажирање на 5 лица за изведување на јавни работи за период од 1 месеци. Овој проект е реализиран во соработка со АВРМ ПЕ Радовиш.
-2014 – 2013; Ангажирање на 12 лица за изведување на јавни работи за период од 3 месеци. Овој проект е спроведен во соработка со АВРМ ПЕ Радовиш каде што беа ангажирани 12 лица за изведување на јавни работи, кои се долгорочно невработени евидентирани лица, ниско квалификувани невработени лица и лица над 55 годишна возраст.
-2009 – 2010; Реализиран е проектот “Еднакви “ преку моделот услуги за сите граѓани на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Радовиш и Општина Конче за ажурирање на методологијата за пресметување на данок на имот со ангажирање на 5 невработени лица за период од 10 месеци како комисија за ажурирање. Овој проект беше подржан од страна на УНДП.
**-**2009; Ангажирање на 50 лица за изведување на јавни работи за период од 6 месеци. Овој проект е спроведен во соработка со АВРМ ПЕ Радовиш каде што беа ангажирани 50 лица за изведување на јавни работи, кои се долгорочно невработени евидентирани лица, ниско квалификувани невработени лица и лица над 55 годишна возраст.
**-**2006 - 2007; Реализација на проектот за креирање на работни места – ЈСР и овозможување на волонтирање на млади невработени лица - ЕМY, подржан од страна на УНДП.
Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Конче меѓу другото констатирано е дека:

- Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование I и II степен на стручна подготовка т.е неквалификувани
- Голем е бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 години
- Голем е бројот на невработени лица на возраст над 55 години.

За да се стимулира вработувањето на овие најзагрозени категории на невработени лица се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на годишна програма за Јавни работи од областа: Одржување и обновување на јавната инфраструктура и Одржување и заштита на животната средина.

За извршување на оваа надлежност во општина Конче одговорно е ЈКП „Лакавица”,и Општината преку Одделението за Урбанизам и комунални дејности

Со цел да се даде поддршка на работата на јавните претпријатија и општината за ефикасно спроведување на надлежноста од областа на заштита на животната средина и природа, уредување на просторот и градежното земјиште и комуналните дејности (одржување на јавна чистота) потребно е превземање на организирани акции со поддршка на Општината и ЈКП, во кои ќе се ангажираат дополнителни човечки ресурси со моментален статус на невработени лица .

Во општина Конче има голем број на слободна работна сила која може да биде ангажирана во работни активности кои не бараат стручност и формално образование, а се во рамките на програмските активности на јавните претпријатија и Општина Конче. При спроведување на организираните акции, предност ќе се даде на вработување на долгорочно невработените лица која е најбројна во општината, на неквалификуваната работна сила со ниско ниво на образование и на невработените лица на возраст над 55 години.

Програмата ќе да се даде придонес кон:

- Намалување на стапката на невработеност, привремено намалување на сиромаштијата и економско-социјалните тензии преку ангажирање на 15 невработени лица за период од 6 месеци, со акцент на долгорочно невработени неквалификувани и полуквалификувани лица,

- Обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина.

**3.Цели и Активности на Програмата**

Напорите на Општина Конче во 2021 година ќе бидат насочени кон донесување и реализација на програма за јавни работи со цел ефикасно извршување на комуналните работи и услуги согласно законот преку примена и на дополнителни и нови практични пристапи за исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

Конкретно Програмата има за цел да предвиде активности за ефикасно организирање и реализација на:

- **<u>Одржување на јавната инфраструктура</u>** одржување-чистење на крајпатната вегетација на општинските патишта и улици, санација од помали размери на општинските патишта и улици, одржување на насипи, канали, водоводни и канализациони мрежи и други објекти од општ интерес, подобрување на условите за живеење и други работи).

**<u>-Одржување на селски гробишта- одржување</u>** –чистење на селските грбишта од зелена и дрвена вегетација во сите населени места во општината.

-**<u>Одржување и заштита за животната средина и природата</u>** ( чистење и санација на дивите депонии, чистење и одржување на речните корита, канали, одводи, јавни површини, паркови и хортикултурно уредени локации во селата, фудбалските игралишта, монтажа и одржување на опремата во парковите и јавните детски игралишта, развој на селските подрачја и други работи) и
-**<u>Сеча, утовар и транспорт на крај патни зеленила и дрва</u>** во согласност со Јавно претпријатие за државни патишта и ЈП Национални Шуми

**4.Обем видови и динамика на одржување**

Тргнувајки од целта на Програмата , физичкиот обем и начинот на вршење на работите ќе зависат од:

-густината на населението во делови од општината;

- фрекфенција на луѓе и моторни возила;

- вид и број на јавни, станбени, деловни и инфраструктурни обејкти;

**5.Организациска поставеност и обврски на учесниците**

Одделението за Урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Конче е носител на работите и на активностите што се однесуваат на севкупното организирање и функционирање на работите што се предвидени со оваа програма.За таа цел Општината ќе организира работници под директна организација и надзор од одговорните лица за работа на терен од Одделението ќе ги извршуваат поставените работни задачи по одделени реони.Општината ќе ја остварува потребната соработка со јавното претпријатие Лакавица Конче при појавена зголемена потреба од вршење на роботите.
Обврски на ангажираните лица работници ќе бидат:Одржување на чистотата на јавните површини (чистење на смет,празнење на уличните канти со отпадоци,чистење на суви лисја, гранки, и слично),одржување чистење на селските гробишта од зеленија и обраснати дрвја,одржување на зеленилото на јавните површини и паркови во општината(косење трева,поткастрување на гранки и слично),одржување на локални улици, патишта, јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови на подрачјето на општината.(чистење на тротоари, чистење на мостови,, чистење на снег ,канти за отад,чистење и одржување на локалитетот Влашки колиби(редовно метење, чистење со вода и средство на плочки,одржување на површини со бекатон од вегетација,одржување на инвентарот, помали поправки на ограда и инвентар.

**5.1.Механизација, опрема,материјали и работна сила;**

- **Механизација и опрема:**

**-**еден (1) камион/трактор за собирање на суви лисја, гранки, шут и сл.
-алат (лопати, метли, колички, пили, копачи,канти исл.)
-две (2) косачки за трева(гориво),2 тримери косачки,2 дувалки, 2 телескопски пили,една(1) моторна пила,1 чистач за снег за тротоари.
-15 комплета заштитна опрема, облека и обувки.

**5.2 Работна сила**
-Едно (1) одговорно лице кординатор за кординација на целата Програма., вработено во општината.
- 3 ангажирани работници координатори на групи, одговорни за следење и извршување на теренската работа на групите , распоредни по реони.
-одговорни лица од месните заедници за следење на извршување на работите и комуникација со кординанторите на групи и со кординаторот на програмата од Општината за побрзо и полесно извршувување на секојдневнеите задачи.
- 12 ангажирани работници за извршување на работните теренски задачи.
Од кои:
- 1(едно) лице, ракувач со механизација (универзален ровокопач, мини ровокопач, трактор со мулчер),
- 3 (три) лица-ракувачи со моторни пили
-11 лица извршување на работните теренски задачи на општинската јавна инфраструктура (патна, водоводна, канализациона,јавната чистота на јавните површини,одржувањето на локалните улици,патишта , полските патишта.

**5.3.Организација на Работата**

Програмата ќе се реализира на следниот начин:
Координаторот на Програмата од Општината ќе одржува редовни неделни и месечни состаноци со кординаторите на групите, на кои ке им делегира задолженија и ке ги следи извршувањето на работите.Кординаторите на групите водат одредени групи на работници и покриваат одреден реон.Тие ќе им дават дневени задолженија на работниците и ќе го следат извршувањето на работите.За сите потреби од алат и опрема и проблеми кои што ќе произлезат го известуваат кординаторот на Програмата. Кординаторите водат дневна евиденција за присуството на работа што е основа за исплата на месечна плата.

**6.Постапка и критериуми за ангажирање на лица за вршење на јавни работи**
Изборот за ангажирање на работници ќе се врши со постапка за избор, во согласнот со законска регулатива и тоа:
1.Ако програмата за јавни работи за 2021 година со финасирање од општината ја објави Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како јавен повик до општините.
Постапката за избор на кандидати (ангажирани лица) целосно ќе ја спроведува Агенцијата за вработување –РЕ Радовиш врз основа на претходно поднесени Пријави -барање за вклучување во Програмата за јавни работа во општина Конче
Основни критериуми врз чија основа ќе бидат ангажирани невработените лица се лицата кои ќе се пријават треба да исполнуваат :
- Да се невработени лица, пријавени лица во Агенцијата за Вработување РЕ Радовиш
- Да пополнат пријава за ангажирање во јани раобти во општина Конче.
-.Лична согласност за способност за извршување теренски работи.
- Времето на евиденција во АВРСМ како невработено лице и претходното работно искуство во областа и учество во јавни работи ќе се смета за предност.

Бројот на ангажирани работници , периодот за кој би биле ангажирани , како и висината на надоместокот за извршените работи ќе бидат регулирани со оваа Програма која ја донесува Советот на општина Конче.
2.Во случај кога програмата за јавни работи за 2021 година со финасирање од општината ја објавува општина Конче самостојно како јавен повик до невработените лица од општина Конче,Постапката за избор на кандидати (ангажирани лица) целосно ќе ја спроведува Општина Конче со формирање на сопствена комисија составена од претставници од комисијата за јавни дејности, општинска администрација и членови на Социјалниот совет а врз основа на поднесени Пријави од невработени лица за вклучување во Програмата за јавни работа во општина Конче на објавен Јавен повик.
Основни критериуми врз чија основа ќе бидат ангажирани невработените лица се лицата кои ќе се пријават да исполнуваат :
- Да се невработени лица, пријавени лица во Агенцијата за Вработување РЕ Радовиш
- Да пополнат пријава за ангажирање во јавни раобти во општина Конче.
-.Лична согласност за способност за извршување теренски работи.
- Времето на евиденција во АВРСМ како невработено лице и претходното работно искуство во областа и учество во јавни работи ќе се смета за предност.
Општината за потребите на оваа програма ќе отвори посебна наменска програма за Јавни работи во Буџетот од која ќе ја финасира програмата.
Бројот на ангажирани работници , периодот за кој би биле ангажирани , како и висината на надоместокот за извршените работи ќе бидат регулирани со оваа Програма која ја донесува Советот на општина Конче.

Во рамките на програмата за Јавни работи, Општина Конче за период од 6 месеци ќе ангажира 15 невработени лица (1 лице кординатор од општина и 15 работници за теренски работи) со акцент на долгорочно неработени лица, неквалификувани и полуквалификувани. Со проектот ќе се спроведат работни активности од областа на заштита на животната средина за чистење и одржување на критичните точки од аспект на загадувањето (јавни површини, паркови, излетнички места, гробишта, просторот околу дивите депонии, и од областа на обновување и одржување на јавната инфраструктура т.е уредување санација на уличната инфраструктура во Конче и.сите населени места.
Планиран период за ангажирање на работници
**Прв период** -, април мај јуни 2021 година.
**Втор период** – октомври, ноември, декември 2021 година.

Програмата предвидува извршување на следните групи на конкретни активности по одредена временска динамика:

**6.1 Одржување на јавната инфраструктура во општина Конче**

-Одржување-чистење на крајпатната вегетација на општинските патишта и улици во општин Конче. Чистење, косење трева, грмушки и сечење дрвја на критични точки на коловозите на патните правци во Општината како што се:
-Регионален пат Раскрсница Лакавица до с.Дедино.
-Локален пат Раскрсница Лакавица до с.Конче,
Регионален пат Раскрсница Лакавица до с.Долни Липовиќ
-Локален пат Раскрсница Лакавица до с.Габревци и езеро Мантово.
-Локален пат с.Долни Липовик,-с.Г.Липовиќ

-Санација од помали размери на општинските патишта и улици во општина Конче
- Одржување на канали, водоводни и канализациони мрежи и други објекти од општ интерес, подобрување на условите за живеење и други работи).
-Чистење на снег на јавни површини , патеки, улици и замрзнати коловози.
-Чистење на снег по населени места во случај на непроодност до главни улици и патишта кои не се опфатени од возила за чистење на снегот.

,**6.2 Одржување и заштита за животната средина и природата во општина Конче**
- Чистење и санација на дивите депонии по населени места на територијата на општина Конче Собирање на комунален отпад од мали диви депонии, претовар и достава до Општинска депонија во с.Конче
- Собирање на комунален отпад на јавни површини и улици и патишта во населени места:-с.Лубница, с.Конче, с.Ракитец, с.Габревци, с.Дедино, с.Габревци, с.Долни Липовиќ и с.Горни Липовиќ.

- Вршење на други комунални работи за потребите на општина Конче како чистење на центарот на с.Конче и околината околу општинската зграда.
- Собирање на комунални отпадоци покрај регионален пат од Конче, Раскрсница Лакавица до с.Дедино.
- Чистење и одржување на речните корита, и крајбрежјето на езера Конче 1 и 3, езеро Мантово Комплекс Влашки колиби и околината.
- Чистење на јавни површини, паркови и хортикултурно уредени локации во селата, фудбалските игралишта,

**7.Финансирање на програмата**

Финансирањето на активностите на предвидени со оваа Програма ќе се врши од средства што се предвидени во Буџетот на општина Конче во програмата Ј за комунални дејности и потпрограм Ј за јавна чистота и одржување на јавни површини.

Со програмата ќе бидат фиансирани:
1. Надоместоци за плати на ангажирани вработни лица за 6 месеци;
Висината на месечниот надоместок на агажираните лица е нето 15.500 денари.
Со Програмата е предвидено да се ангажираат 15 лица за период од 6(шест) месеци во 2021 година на кои ќе им се исплаќа месечен надоместок по вработен во износ од:
Работници за теренски работи месечно 22.650 денари-бруто плата.
2.Основни материјали средства за реализација на програмата;
Планирани се основни материјални средства за потребите на вршењето на работите со програмата во висина од 60.000,00
Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 2,098,500,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Конче за 2021 година.

Средствата во износ од 2,098,500,00 денари се од Буџетот на Општина Конче и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 15 ангажирани лица за период од 6 месеци.
За финансирање на Програмата за јавни работи за 2021 година Советот на општина Конче ќе донесе посебна Одлука за финансирање на општина Конче во

Програма за работно ангажирање –Јавни работи 2021 со која се обезбедуваат средства во висина од 2.098.500,00 денари за реализација на Програмата.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Конче”.

Број 08-1515/17<br>Дата 21.12. 2020<br>Конче

Совет на Општина Конче<br>Претседател,<br>Исмаил Куртов